РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

Број 04-869/1
08.07.2024 година,
Скопје

CamScanner

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 година и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020 година), в.д. Директорот на Државниот просветен инспекторат, на ден 08.07. 2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државен просветен инспекторат

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државен просветен инспекторат, број 04-1370/5 од 15.11.2018 година, 04-71/2 од 28.01.2021 година, 04-338/1 од 20.05.2021 година, 04-391/1 од 24.06.2021, 04-206/1 од 02.03.2022 година, 04-1128/3 од 07.12.2022 година, 04-696/1 од 13.06.2023 година, 04-1012/1 од 04.09.2023 и 04-154/1 од 29.01.2024 година.

### Член 2

Во Табеларниот приказ на работни места, глава V, во Сектор за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, високо и друго образование, во Одделение за инспекциски надзор во високото образование, научните институти и студентските домови, кај работното место со реден број 52 и шифра ИНС0101В01001, Советник-државен просветен инспектор во високото образование, научните институти и студентските домови, во делот број на извршители бројот „8" се менува со бројот „9".

### Член 3

Во Табеларниот приказ на работни места, глава V, во Сектор за стручно-административни работи, во Одделение за општи и административни работи, работното место со реден број 5 и шифра УПР0101В01000, Советник за координација со проекти во инспекторатот, се брише.

### Член 4

Согласно измените и дополнувањата во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Државен просветен инспекторат.

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од и Министерство за јавна администрација.

Бр.04-869/1
08.07. 2024 година

в.д.Директор/u.d.Drejtori,
Halit Feratov

CamScanner